**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 08-495

11.11. **2019 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-495 од 05.11.2019 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година и Заклучокот бр.02-4850/2 од 08.11.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 42-та седница одржана на 08.11.2019 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на првото продолжение на 41-та седница одржана на 04.11.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4758/6 од 04.11.2019 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-495 од 05.11.2019 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година, поради неисполнување на обврската од член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и на член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), со оглед на

фактот што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што преставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Одлуката Уп1 бр.08-495 од 05.11.2019 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-179 од 29.03.2018 година и Заклучокот бр.02-4850/2 од 08.11.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 42-та седница одржана на 08.11.2019 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Привремениот стечаен управник на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Ацо Петров и
- Агенцијата за електронски комуникации.